РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 03 - 1223/2
од 12.04. 2024 год.
Прилеп

Врз основа на член 35, став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се организира повторена јавна презентација и јавна анкета по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 3, БЛОК 3.11, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Планскиот опфат кој е предмет на изработка на деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

Северозападната граница почнува од накрсната точка на осовините на собирната улица булевар “Гоце Делчев” со ознака С1 и сервисната улица “Димо Наредникот” со ознака Ср7 и оди кон североисток по осовината на булевар “Гоце Делчев” до нејзината вкрсна точка со сервисната улица "Кузман Јосифоски" со ознака Ср10 во должина од 257м', каде врти во северозападен правец по осовината на сервисната улица "Кузман Јосифоски" во должина од 306м', потоа врти во југозападен правец по осовината на сервисната улица "Архиепископ Доситеј" со ознака Ср9, се до вкрсната точка со улица "Димо Наредникот" во должина од 200м', потоа врти кон југоисток по осовината на улица "Димо Наредникот", се до вкрсната точка со собирната улица, булевар “Гоце Делчев”, која е и почетна точка на границата на опфатот формирајќи затворен полигон со површината на планскиот опфат 72124,3 м2, односно 7,21ха.

Планскиот опфат досега е урбанизиран, но планот е делумно реализиран.

Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Прилеп.

Повторената јавна анкета и јавната презентација по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 3, БЛОК 3.11, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог Планот во просториите на Општина Прилеп.

Повторената јавна анкета ќе трае 6 работни дена, односно од 19.04.2024 година до 29.04.2024 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 22.04.2024 година, понеделник, во 10:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

Република Северна Македонија
Градоначалник
Општина Прилеп